| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **СИНДИКАЛНО ПРАВО** | | | |
| **2.** | **Код** | | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | Постдипломски курс Деловно право – модул Б | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) |
| **8.** | **Наставник** | **Проф.Д-р.Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Доц.Д-р. Лазар Јовевски**<br>(предметен наставник)<br>**Доц.Д-р.Александар Ристовски**<br>(предметен наставник) | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Синдикално право на студентите ќе им овозможи:<br><br>-да се здобијат со суштинско знаење за синдикалните права и слободи на национално и меѓународно ниво;<br>-да се запознаат со европските искуства и нормативните аспекти на синдикалното организирање и делување;<br>-да се запознаат со европскиот социјален дијалог;<br>-да се запознаат со улогата и влијанието на синдикалните движења во светот на економските, политичките и социјалните промени и флуктуации;<br>-да се препознае поврзаноста помеѓу социјалниот дијалог и социјалниот мир во одредена земја;<br>-да се запознаат со внатрешната организација и функционирање на синдикалните организации, како и со улогата, правата и обврските на синдикалниот претставник;<br>-да се запознаат со трудово-правните области во кои делуваат синдикатите и правата што се обидуваат да ги заштитат;<br>-да се запознаат со моделите на синдикално уредување и нивоата на синдикално делување;<br>-да се направи увид на кој начин синдикатите ги заштитуваат правата на своите членови (работници) и кои модели на заштита им се на располагање; | | | | |

| | |
|---|---|
| | -да се стекнат знаења за улогата и начинот на делување на синдикатите во рамките на колективните преговори на ниво на компанија, но и гранка и држава, како и воопшто во целиот систем на социјален дијалог. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Синдикалното право претставува посебна научна трудово-правна дисциплина која ги проучува аспектите на синдикално организирање, синдикално делување, учество во социјалниот дијалог со работодавачите на различните нивоа, како и поширокатa општествена улога која што ја имаат синдикатите во земјите и глобално. Оваа посебна трудово-правна дисциплина ја проучува се поизразната улога на синдикатите како организации на работниците во процесот на трудовите односи, но и во севкупните општествени пред се економски и политички флуктуации. Во последните децении значењето на синдикатите е големо и тие имаат активна улога во општеството, во насока на креирање на трудовото законодавство како партнер со власта, како директни учесници во власта преку формирање на свои партии или политички движења (Солидарност во Полска, бројните лабуристички партии во светот). Земајќи го во предвид ова значење и улога на синдикатите, во општата науката за трудовото право се издвојува посебна дисциплина како синдикално право. Таков е примерот во Франција, Италија, Белгија и т.н. Во рамките на проучувањето на предметот на синдикалното право оваа дисциплина ги опфаќа прашањата околу причините за појавата на синдикалното движење во светот и нивната поврзаност со трудовите односи и економско-политичките импут фактори. Исто така битен дел од проучувањето на оваа правна дисциплина е самата организација и функционирање на синдикалните централи однатре и на национално ниво, како и нивното организирање на субнационално ниво, во рамките на Европската Унија и мултинационалните компании.<br>Денес социјалниот дијалог не може да се замисли без учество на синдикатите во него. Предметната програма особено ќе се задржи на ова прашање, кое претставува дел од базичните институти на европскиот социјален дијалог и содржина на aquis communitare. Проучувањето на социјалниот дијалог во содржинска смисла ќе го опфати учеството на синдикатот пред се во колективните преговори, но и учеството во економските и социјалните совети, како и партиципацијата на работниците и синдикатите во управувањето со компаниите, кое особено е присутно во некои европски земји како што е Германија.<br>Предмет на проучување се пред се колективните трудови права на работниците, но и индивидуалните права кои се штитат во рамките на синдикалната активност.<br>Особено внимание во проучувањето се посветува на самата постапка, услови и начин на колективно преговарање, но и на начините на решавање на колективните работни спорови кои се водат помеѓу синдикатот и работодавачите.<br>Предмет на проучување се актите на Меѓународната организација на трудот која има обемен опус изразен преку нејзината нормативна дејност, а преточен во конвенции и препораки за синдикалните права, слободи и организација, како и актите на Европската Унија преку кои во последните децении се повеќе се посветува внимание на овие прашања.<br>На крајот, оваа правна дисцпилина ги опфаќа прашањата од синдикален карактер во Република Македонија задржувајќи се пред се на појавата на синдикалното движење, системот на уредување, (Устав и закони), организација и делување, како и социјалниот дијалог во земјата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>Финалната оцена не може да надмине 100 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | Согласно интерните акти на факултетот | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Marie-Francoise Clavel-Fauquenot, | Le Droit Syndical | Liaison S.A. | Paris, 1999 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Natacha Marignier, | | | |
| | | 2. | Лазар Јовевски | Колективни преговори | Цетис | Скопје, 2006 |
| | | 3. | Frank Hantke | Sindikati u XXI veku | FES | Beograd, 2008 |
| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Blainpain R., | European labour law, Thirteenth Revised Edition | Kluwer | 2012 |
| | | 2. | | Sindikat u tranziciji | Institut za politicke studije | Beograd 1995 |
| | | 3. | | | | |